Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА ТЕРАПИЈА ВО КЛИНИЧКА ПАРОДОНТОЛОГИЈА			
2.	Код	ДСОМП16			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на уста и пародонт			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник: Проф. д-р Снежана Пешевска Проф. д-р Емилија Стефановска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Стекнување напредни знаења и вештини за примена на индивидуализиран пристап во дијагноза, терапија и одржување кај пациенти со пародонтални и периимплантни заболувања. Посебен акцент е ставен на халитозата како клинички ентитет кој бара персонализиран дијагностички и тераписки приод, но и интердисциплинарен и психосоцијален пристап.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје - Основи на индивидуализирана пародонтална терапија (6 часа) Концепт на персонализирана медицина Биолошки, генетски и бихевиорални фактори во терапевтската одлука Дијагностика и терапија ориентирана спрема ризик фактори Примена на дигитални и молекуларни технологии (микробиомска анализа (16S рРНК секвенционирање), биомаркери (IL-6, MMP-8), AI алгоритми за предвидување на ризик			

		Следење и адаптација на терапијата со мониторирање на персонализирани индикатори на успех Резултати од 1 поглавје: Студентот ќе може да ги објасни принципите на индивидуализирана терапија и да ги примени кај пациенти со различен ризик-профил, со мултидисциплинарен пристап и адаптација на тераписките мерки во согласност со одговорот на истите. 2.Поглавје - Халитоза – дијагноза, класификација и индивидуализиран третман (12 часа) Дефиниција и класификација на халитоза (вистинска, псевдохалитоза, халитофобија) Етиопатогенеза: VSC, метаболити и микроби Дијагностички техники и мерење на халитоза (органолептичка скала, хроматографија, Halimeter, BANA-тест, гасна хроматографија, OralChroma, субјективна перцепција и анкети (QoL и психосоцијални аспекти) Терапевтски пристап во решавање на халитозата според етиологијата Резултати од 2 поглавје: Студентот ќе биде компетентен да ги разреши диференцијално дијагностичките дилеми за типовите на халитоза, ќе ги разбере биохемиските основи на лошиот здив и ќе има знаење за примена на соодветни инструменти за објективно мерење, но и проценка на психосоцијалното влијание. Финално ќе формулира индивидуализиран план на третман 3.Поглавје- Микробиом, пародонтални и периимплантни болести и халитоза (6 часа) Пародонтална, периимплантна и микрофлора на јазикот Асоцираност со пародонтални заболувања и периимплантни болести и состојби Полимикробна синергија и биофилм, дисбиоза,супрагингивална и субгингивална флора Биомаркери и микробиолошка анализа (дијагностичка улога на IL-1β, MMP-8, CRP итн.) Персонализирана терапија според микробиолошки профил Резултати од 3 поглавје: Студентот ќе ја поврзе халитозата со пародонтални и периимплантни заболувања, ќе ги интерпретира лабораториските и микробиолошките наоди во клинички контекст и ќе ги интегрира податоците во план за третман. 4.Поглавје- Системски и психосоцијални фактори (6 часа) Поврзаност на халитозата со системски нарушувања на респираторен, гастроинтестинален, уринарен, ендокрин систем, орл, хормонален статус, исхрана, пушење, стрес Халитоза и квалитет на живот – психосоцијален аспект: стигма и самоперцепција, поврзаност со анксиозност, социјална изолација Комуникациски стратегии и мотивациско интервјуирање на пациенти Резултати од 4 поглавје: Студентот ќе го разбере влијанието на халитозата врз менталното здравје, ќе развие емпатичен и структуриран пристап во комуникацијата и ќе користи соодветни стратегии за ангажирање на пациентот. 5.Поглавје- Персонализирана пародонтална терапија кај пациенти со халитоза (13 часа) Планирање на пародонтална терапија според дијагноза, клиничка состојба, ризик фактори, параклинички и лабораториски иследувања и рентгенграфска верификација и психосоцијалниот профил на пациентот Индивидуализирани оралнохигиенски протоколи адаптирани на состојбата на пациентот Нехируршка и хируршка терапија со дополнителна примена на антисептици, пробиотици, ензимска, фотодинамска, ласер терапија и други современи приоди

		Терапија на одржување на пародонтална болест, индивидуално планирана спрема профилот на пациентот Мултиморбидитет и фармаколошки влијанија, интердисциплинарен пристап Темелна евиденција и континуирано документирање на евалуација на состојбата на секој пациент со акцент на повторна појава на халитозата Резултати од 5 поглавје: Студентот ќе создаде индивидуализиран план за пародонтална терапија кај пациенти со халитоза и ќе примени комбинирани стратегии со мултидисциплинарен пристап базирајќи се на состојбата на пародонтот, системското здравје , но и кооперативноста на пациентот и придржувањето до редовните контролни прегледи креирани за секој пациент специфично. 6.Поглавје- Подготовка за самостојни истражувања од областа (2 часа) Евалуација на рандомизирани контролирани испитувања, систематски прегледи и мета-анализи од релевантни научни бази Анализа на докази од in vitro и in vivo студии Подготовка за научни истражувања Резултати од 6 поглавје: Иницијација на студентот за научна работа преку анализирање на научни трудови, развивање критичко мислење и можност за темелно и правилно планирање и изведба на истражувања. Вкупно.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Тераписки можности на пародонталната болест		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20
	19.3.	Завршен испит: бодови		40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)

			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Lindhe J., Lang N.P., Karring T.	Clinical Periodontology and Implant Dentistry, 7th ed.	Wiley-Blackwell	2022
		2.	Mel Rosenberg, Nir Sterer	Textbook of Halitosis	Springer Nature	2020
		3.	Yaegaki K., Krespi Y.P., Hoshi K.	Halitosis: A Multidisciplinary Approach	Nova Biomedical	2019
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Newman M.G. et al.	Carranza's Clinical Periodontology, 14th ed.	Elsevier	2023
		2.	Angela Cameron	Bad Breath: A Clinical Guide	Elsevier	2018
		3.	Johannes S. Schneider, Heinz-Peter Schmidseder	Color Atlas of Dental Medicine: Halitosis	Thieme Medical Publishers	2017